**GS1 in Europe Regional Forum 2010, Dublin, Ireland**
**ДО УСПЕХ СО ТИМСКА РАБОТА**

GS1 Македонија во рамките на своите меѓународни активности учествуваше на Регионалниот Форум одржан 12-15 октомври 2010 во Даблин, Република Ирска, во организација на Европската GS1 организација, на кој присуствуваа околу 220 претставници на 45 национални GS1 организации од Европа, како и претставници на корисниците на GS1 системот, менаџери на светски брендови и дистрибутивни синџири и претставници на фирмите вклучени во имплементацијата на GS1 системот (solutions providers).




Основното мото на Форумот ***"До успех со тимска работа "*** ги дефинира и целите на Форумот:

- Претставување на GS1 in Europe стратегијата на идниот развој на глобално ниво;
- Меѓусебно информирање на GS1 заедница за најновите достигнувања на националните GS1 организации по пооделни проекти;
- Мотивирање на GS1 заедницата кон проширување на примената на светските GS1 стандарди во нови сектори;
- Меѓусебно запознавање и остварување директни контакти на овластените претставници на GS1 системот;
- Зголемено поврзување и интеракција на националните GS1 организации во тимска работа при реализација на GS1 Проектите;

- Иницијализација на  националните организации за зголемување на својата инвентивност за побрз развој на својата организација со цел поефикасно  задоволување на  потребите на своите членки;
- Разменување на  постојните и стекнување на  нови искуства за да адекватно, успешно и координирано на ниво на GS1 in Europe се имплементира GS1 системот на националните нивоа;
- Информирање на  членките на GS1 системот за активностите во изминатата  година и запознавање со стратегиските планови и приоритети  за наредните  години.

Работата на Форумот се одвиваше во текот на претпладневните и попладневните  пленарни и тематски сесии во хотелот "Fitzpatrick Castle Hotel", Даблин.



Во рамките на Регионалниот Форум на Европа, на кој се презентираа најновите достигнувања и активностите по пооделни проекти, се одржа и Regional Board Meeting, на кој присуствуваа 45 директори од вкупно 46 земји членки на GS1 in Europe.

GS1 Македонија оствари полезни контакти и стручна размена на искуства со: главните раководители на GS1 Global Office и на  GS1 in Europe , одговорните лица на одделните сектори на GS1 in Europe, претставниците на GS1 организации од голем број земји од Европа, особено со соседните земји, кои се оценуваат за исклучително полезни.

Договорена е реализација на  менторинг програмата со GS1 Хрватска, како и презентација на искуствата на GS1 од Србија,  Словенија и Бугарија на македонската бизнис заедница во вид на едукативни семинари, со цел пренесување на нивните искуства и презентирање на најновите достигнувања.

Договорено е доставување на стручни изданија од областа на системот и потребна помош во насока на едукација на членките на GS1 Македонија  со неколку земји членки на GS1.

GS1 Македонија доби пофалби и честитки од раководителите во GS1 in Europe и од Global Office за постигнатите резултати во развојот на GS1 системот во Република Македонија и за извршената статусна трансформација и регистрација како самостоен правен субјект. Остварена е понатамошна меѓународна афирмирација на GS1 Македонија.




Низ презентациите од сите области, на кои работи GS1 и ги спроведува своите стандарди, GS1 организациите имаа можност да ги споделат своите знаења, искуства, најдобрите практики и воедно да разговараат за сите клучни приоритети и проблеми во областа на менаџирање во синџирот на снабдувањето (Supply Chain Management), квалитетот при размената на податоци (Data Quality) вклучувајки ја употребата на GDSN (синхронизацијата на податоците) и користењето на RFID технологијата, продажбата преку интернет (Internet of Things) и МобилКом (MobilCom), при тоа истакнувајки ја важноста од следливоста (Traceability) во сите сегменти. Посебен акцент се даде на идниот развој на новиот проект од областа на финансиите односно работење со готовина во банките (Cash Handling).

GS1 организацијата настојува да создаде што е можно подобри деловни односи со своите корисници, па затоа на Форумот свои презентации и вудувања имаа и еминентни менаџери од најголемите брендови, даватели на услуги, од ЕУ, институти, информатички куќи и провајдери, менаџери на болници и банки. Како гости на Форумот своите искуства ги презентираа, меѓу останатите и:

- Г-дин Moshe Rappoport од IBM кој работи на истражувања на односот меѓу технологијата, бизнисот и општеството во своето презентирање даде осврт на тоа како ИТ и дигиталните уреди имаат изненадувачки силно влијание врз тоа како луѓето размислуваат за нештата при донесување на одлуките кога купуваат стоки и услуги.

- Г-дин Kees Jacobs кој е главен консултант на Глобалниот сектор за производи за широка потрошувачка од Capgemini ја образложи својата стратегија за развој во новата декада 2020 базирана на тоа како индустријата може само преку меѓусебна соработка во неконкурентните области да си обезбеди позиција да одговори на трендовите кои ќе влијаат врз развојот на индустрија во наредните 10 години.
- Во развојот и инмлементирањето на GS1 стандардите во сите области преку користење на RFID технологијата има голем удел г-дин Gerald Santucci кој е раководител на одделението Networked Enterprise and RFID при Европската комисија. Во својата презентација г-дин Gerald зборуваше за препораките кои ги дава Европската комисија за употребата на RFID технологијата, вмрежување на претпријатијата и размената на податоците , ИКТ-базирани системи поддржани од интернетот при што посебно стави акцент на потребата од заштитата и спроведување на приватноста на тие податоци.
- Од големите брендови своите искуства низ презинтации имаа г-ѓа Asa Englund од Coca-Cola Шведска и г-дин Feargol Quinn сенатор и сопственик на продажниот синџир Superquinn во Ирска. Г-га Asa која работи како координатор во секторот за маркетинг во Coca-Cola зборуваше за важноста од оддржување на квалитетот на производот, тимската работа и комуникација со потрошувачите (особено колку се важни непосредните информации од потрошувачите кога се лансира нов производ).




- Г-дин Feargol , активен во различни области од секојдневниот живот во Ирска, во својата презентација мошне сликовито го објасни патот на својот успех во малопродажбата преку својата девиза "Купувачот е крал" опишано во статијата "Крунисување на клиентите".

- Активно учество дадоа и менаџерите од банкарскиот сектор на Германија, Шпанија и Франција кои се активно вклучени во новиот проект на GS1 организацијата (Cash Handling). Г-дин Jurgen Niemann и г-ѓица Kerstin Hammer од Националната банка на Германија го презентираа својот проект CashEDI за работа со готовина, кој Националната банка на Германија го има спроведено во своето работење со комерцијалните банки користејки ги GS1 стандардите и процесот за следливост. Од Националната банка на Шпанија проектот CDI го презентираше г-дин Angel Camarena, раководител на одделот за работа со готовина. Г-дин Xavier Barras од GS1 Франција го образложи проектот што заедно го работаат со Националната банка на Франција од областа на (Cash Handling). Особено е важно да се напомене дека сите презентери го потенцираа големиот бенефит (во смисол на штедење на време, лесен и точен пренос на информации, намалување на степенот на грешка) од користењето на GS1 стандардите во банкарскиот систем и воедно лобираат да овие стандарди добијат примена во работењето и на ниво на Европската банка.
- Г-дин Feargal McGroaty проект менаџер во болницата St.James во Даблин кој 20 години работи во институтот за Хематологија преку својата презентацијата даде сликовит приказ како со примена на GS1 стандардите мошне успешни резултати се добиваат при лечењето на хемофилијата особено кај децата. Тој исто така потенцираше дека со имплементацијата на GS1 стандардите во болницата во која работи, ( означувањето со бар кодови, електронски пренос на информациите), се овозможува поголема заштита на пациентите, а целосно се елиминираат грешките од страна на лекарите.

Пооделни GS1 организации имаа свои презентации кои се однесуваа на одредени проекти на кои работаат на национално ниво во матичните држави како што се: Proxima Mobile (од областа на MobilCom) на GS1 Франција; PIM проект (пандан на GDSN проектот) на GS1 Италија; извештај за апликативната примена на GS1 стандардите во здравствениот сектор од GS1 Велика Британија ; проектот на GS1 Шведска - Validoo, кој се однесува на проверката на исправноста и валидноста на баркодовите во малопродажбата. Формирана е нова работна група под назив IDE group, во која се фузионирани досегашните работни групи од областите на : eCom, EPC и GEPIR.

Извршен директор,

С. Милутиновиќ

Слаѓана Милутиновиќ

Скопје, 18.10.2010